# 86. ПЕШТЕРА БОЛЕН ГАБЕРОТ ЛЕЖИ

Крај: Тиквеш, Ваташа
Пеел: Павле Шишков
Роден: Ваташа, 1937 год.
Мелограф.: Ал. Линин

Лента бр.: 215/2
Снимена: Кавадарци, Тиквеш
24 ноември 1958 год.
Мелограф.: Скопје, 20.11.1964.




1. Пештера болен Габерот лежи,
   треска го тресе русата глава.

2. Неарно писмо курир му даде,
   не рече ништо, набрчка чело;

3. не рече ништо, набрчка чело,
   стана и стави пушка на рамо.

4. По поле едри капки капат,
   по грбот негов ладни мравки лазат.

5. На камен гордо орелот стои,
   а аргатките превиле грбот.

6. Тогај му велат на Габер јунак;
   — Врати се, Габер, сам бој не бива.

Линин, Александар. Тиквешки народни песни. Скопје: Мисла 1978